СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
НА ОПШТИНА ОХРИД

| | | |
|---|---|---|
| **СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА ОХРИД**<br>**ИЗЛЕГУВА ПО ПОТРЕБА**<br>**ОГЛАСИ ПО ТАРИФАТА** | **О Х Р И Д**<br>**30.08.2005**<br>**БРОЈ 8 ГОДИНА 40** | |

# С О Д Р Ж И Н А


1. Програма за работа на Советот на општина Охрид за 2005г. 2
2. Одлука за организирање на режимот на сообраќај во Охрид 4
3. Заклучок по повод информацијата на Советот за безбедност на сообраќајот на општина Охрид 7
4. Заклучок по повод информацијата за поставување на споменик на патронот на Охрид Св.Климент Охридски 8


Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (*Сл.весник на РМ* бр.5/02) и член 70 став 1 точка 3 од Статутот на општина Охрид (*Сл.гласник на општина Охрид* бр.6/03), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

## З А К Л У Ч О К
### ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА ОХРИД ЗА 2005 ГОДИНА

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Програмата за работа на Советот на општина Охрид за 2005 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 25.08.2005 година.

**Број 08-2125/2**
**26.08.2005 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник**
**Александар Петрески с.р**

Врз основа на член 42 од Статутот на општина Охрид, Советот на општина Охрид на седницата одржана на 25.08.2005 година, донесе

**П Р О Г Р А М А**
**ЗА РАБОТА НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА ОХРИД ЗА 2005 ГОДИНА**

Советот на општина Охрид во согласност со одредбите од Статутот на општината и надлежностите на Советот, програмски ја определува и насочува својата работа со цел да обезбеди услови и можности за целосно и ефикасно остварување на своите функции, благовремено подготвување на предвидените материјали во одредените рокови од утврдените изготвувачи. Притоа основна задача е да се утврдат најактуелните прашања од животот на граѓаните низ кои ќе се обезбеди натамошен развој на општината Охрид.

**СЕПТЕМВРИ-ДЕКЕМВРИ**

1. Урбанистички решенија
   ИЗГОТВУВАЧ: Одделение за урбанизам и заштита на животната средина

2. Советнички прашања

3. Информација за уписната политика во средните училишта во општина Охрид.

4. Информации за состојбите во основното и средното образование и за функционалноста на училишната мрежа во општина Охрид.
   ИЗГОТВУВАЧ: Советник за образование при општина Охрид.

5. Извештај за работа со финансиски показатели на ЈП „Охридски комуналец„ за 2005 г.
   ИЗГОТВУВАЧ: ЈП „Охридски комуналец„ Охрид.

6. Извештај за работа со финансиски показатели на МЈП „ Проаква„ Струга за периодот јануари-август 2005 година,
   ИЗГОТВУВАЧ: МЈП „Проаква„ Струга

7. Извештај за наплатата на комуналната такса од користење на површина за сезонски активности на отворен простор:-маси, столици , детски реквизити и др.

8. Извештај за наплата на комуналната такса за користење простор пред деловни простории, за користење на музика во јавни локали, за поставување витрини за изложување на стоки надвор од деловни простории, за користење плоштади и друг простор во градот,за кампови , шатори и друга опрема, за истакнување реклами објави,огласи на јавни места , за користење на простор за паркирање на моторни возила.

9. Извештај од наплата од данокот за наследството и подарок , и данокот на промет на недвижности.
   ИЗГОТВУВАЧ: Оделение за даноци и комунален такси

10. Информација за јавната безбедност и безбедноста во сообраќајот на подрачјето на општината Охрид во 2005 година.
    ИЗГОТВУВАЧ : УВР Охрид

11.Советнички прашања

12. Програма за уредување на градежно земјиште и изградба и одржување на локални патишта и улици , како и за јавно осветлување во општина Охрид за 2006 година.
    ИЗГОТВУВАЧ : Одделението за комунален развој на општина Охрид

13. Информација за проблемот со задолженоста на општина Охрид и предлог стратешки мерки за негово решавање.
    ИЗГОТВУВАЧ: Стручна служба

14. Изменување и дополнување на распоредот на средствата во посебниот дел на Буџетот за 2005 година
    ИЗГОТВУВАЧ: Одделение за финансии и Буџет

15. Информација за заштита од пожари за подрачјето на општина Охрид
    ИЗГОТВУВАЧ: Служба за заштита од пожари при локална самоуправа Охрид

16. Информација за извршувањето на надлежностите од страна на Градоначалникот
    ИЗГОТВУВАЧ: Стручна служба

17. Информација за работењето на комуналната и сообраќајната инспекција
    ИЗГОТВУВАЧ: Комунална и сообраќајна инспекција

18. Информација за резултатите од туристичката сезона и наплата на туристичката такса 2005 година
    ИЗГОТВУВАЧ: Одделение за туризам

19. Програма за зимско одржување на локалните патишта и улици во општина Охрид за 2006 година
    ИЗГОТВУВАЧ: Одделение за комунални работи

20. Донесување на Буџет за 2006 година
    ИЗГОТВУВАЧ: Одделение за финансии и буџет

21. Информација за работата на Советот на општина Охрид за 2005 година
    ИЗГОТВУВАЧ: Претседател на Советот

22. Програма за работа на Советот на општина Охрид за 2006 година
    ИЗГОТВУВАЧ: Стручна служба

23. Советнички прашања

Во текот на 2005 година Советот на општина Охрид ќе расправа и по други материјали иницирани согласно новите законски и статутарни надлежности.

Советот на општина Охрид ќе расправа и по други прашања од неговата надлежност по материјали поднесени од овластени поднесувачи.

Советот на општина Охрид ќе расправа и по предлози за избори и именувања од неговата надлежност.

**Број 07- 2125/2**
**25.08.2005 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Владо Чингоски, с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (*Сл.весник на РМ* бр.5/02) и член 70 став 1 точка 3 од Статутот на општина Охрид (*Сл.гласник на општина Охрид* бр.6/03), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

## З А К Л У Ч О К
### ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ОРГАНИЗИРАЊЕ НА РЕЖИМ НА СООБРАЌАЈ ВО ОПШТИНАТА ОХРИД

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за организирање на режимот на сообраќај во општината Охрид, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 25.08.2005 година.

**Број 08-2125/3**
**25.08.2005 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник**
**Александар Петрески с.р**

Врз основа на член 62 став 1 од Законот за локална самоуправа (*Сл.весник на РМ* бр.5/02) и член 42 од Статутот на општина Охрид (*Сл.гласник на општина Охрид* бр.6/03), Советот на општина Охрид на седницата одржана на 25.08.2005 година, донесе

## О Д Л У К А
### ЗА ОРГАНИЗИРАЊЕ НА РЕЖИМОТ НА СООБРАЌАЈ ВО ОПШТИНА ОХРИД

**Член 1**

Со оваа Одлука се регулира режимот на сообраќај во општина Охрид почнувајќи од 01.09.2005 година.

**Член 2**

За еднонасочни улици во општина Охрид се определуваат:

- улицата „Крум Точко„ од насока на Горна порта во насока спрема Дрвара;
- улицата „Гоце Делчев„ од пресек на оваа улица со улицата „Абас Емин„ во насока спрема Струга и тоа до пресекот со улица „Стив Наумов„;
- улицата „Стив Наумов„ од пресекот со улица „Гоце Делчев„ во насока со пресекот со улицата „Пере Тошев„;
- улицата „Кирил и Методи„ во насока према Горна порта;
- улицата „Булевар Македонски Просветители„ и тоа од пресекот сџо ул.„Димитар Влахов„ до пресекот со ул.„Партизанска„ во насока спрема Езерото;
- улицата „Кеј Маршал Тито„ од пресекот со плоштадот (кружниот тек) во насока до пресекот со улицата „АСНОМ„;
- улиците „Димитар Влахов„, „Даме Груев„, „Мите Богоевски„, „Караорман„, дел од улицата „Кузман Јосифоски Питу„ и тоа од пресекот на оваа улица со улицата „Димитар Влахов„ до пресекот со улицата „Партизанска„ и дел од улицата „Ванчо Николески„ и тоа од пресекот со улицата „Димитар Влахов„ до пресекот со улицата „Партизанска„ остануваат со постојаниот режим на сообраќај.

**Член 3**

Сообраќајот на дел од улицата „Партизанска„ и тоа од пресекот со улицата „Ванчо Николески„ до пресек со улицата „Јане Сандански„ ќе се одвива во две ленти наменети за движење во една насока, од кои левата сообраќајна лента ќе ја користат МВ кои на следната раскрсница ќе свртуваат во лево, додека десната сообраќајна лента ќе ја користат сите МВ кои на следната раскрсница ќе го продолжат движењето право или ќе свртуваат во десно, додека десната страна од улицата ќе се користи за надолжно паркирање.

**Член 4**

Како времени паркинг простори се определуваат просторите кај:

- полигонот за мали спортови;
- дел од улицата „Кузман Јосифоски Питу„ и тоа од пресекот со улицата „Партизанска„ па спрема зеро со дел од паркинг просторот позади Центарот за култура „Григор Прличев„ Охрид;

На овие времени паркинг простори паркирањето ќе се врши со наплата.

Паркирање со наплата ќе се врши и на улиците:

- „Булевар Туристичка„ од двете страни кај Градскиот пазар како и во продолжение после раскрсницата со улицата „Булевар Македонски Просветители„ се до пресекот со улицата „Даме Груев„;
- „Булевар Македонски Просветители„ по целата должина;
- „Димитар Влахов„ од влезот во Автобуската станица до пресекот со улицата „Булевар Македонски Просветители„;
- „Партизанска„ од самиот почеток до пресекот со улица „Кузман Јосифоски Питу„;
- „Кеј Маршал Тито„ до пресекот со улицата „Јане Сандански„ од двете страни надолжно паркирање.

**Член 5**

На плоштадот „Св.Климент Охридски„ (кружен тек), на дел од улицата „Коста Абраш„ од самиот плоштад па се до ресторанот „Дон Вито„ ќе се одвива двонасочен сообраќај, додека запирањето и паркирањето на овој дел ќе се забрани.

Улицата „Св.Климент Охридски„ (Чаршијата), Плоштадот Крушевска Република (Чинар), улицата „Гоце Делчев„ (Старата чаршија) се забрануваат за сообраќај преку целата година.

**Член 6**

Просторот кај Старите гробишта да се користи за паркинг простор за ТМВ.

**Член 7**

Се врши утврдување на такси постојки во општина Охрид и тоа:

- на улица „Кеј Маршал Тито„ на паркингот на просторот каде што се спојува со улицата „Јане Сандански„;
- на улицата „Јане Сандански„ после автобуската постојка кај Минимаркет;
- на „Булевар Туристичка„ зад основното училиште „Григор Прличев„;
- на улица „Димитар Влахов„ после влезот во автобуската станица од десната страна;
- на улица „Партизанска„ пред излезот од автобуската станица од левата страна на улицата;
- на улицата „Булевар Туристичка„ после раскрсницата со улица „Абас Емин„ од десната страна гледано во насока према Струга:
- на улицата „Булевар Туристичка„ пред пресекот со улицата „Абас Емин„ од десната страна гледано во насока спрема центарот Охрид;
- на улицата „Булевар Туристичка„ пред времениот објект на поранешната стаклорезачка задруга „Напредок„;
- на улицата „Булевар Туристичка„ после раскрсницата со улица „Абас Емин„ гледано во насока према центар Охрид:
- пред влезот во Медицински центар Охрид од десната страна на паркинг просторот;
- на улицата „7/ми Ноември„ спроти продавницата на „Лихнида„ од десната страна гледано во насока према Битола;
- на улицата „7/ми Ноември„ пред времениот кванташки пазар од десната страна гледано во насока према центарот Охрид;
- на улицата „Гоце Делчев„ после раскрсницата со улица „Абас Емин„ од десната страна гледано во насока према Струга;
- на улицата „Булевар Македонски Просветители„ пред влезот во поштата (џепот).

**Член 8**

Автобускиот сообраќај кој се одвива по улицата „Гоце Делчев„ кон центарот на градот да се пренасочи по улица „Бистрица„ кон улица „Булевар Туристичка„. Автобусите кои сообраќаат во насока према Струга да се движат по улица „Булевар Туристичка„, Петља и Магистралниот патен правец кај село Подмоље да се приклучуваат на стариот пат за Струга. По дел од улицата „Абас Емин„ и целата должина на улицата „Гоце Делчев„ да сообраќаат само минибуси до 20 седишта или комби возила.

**Член 9**

Сите ТМВ кои се движат по стариот пат во насока на Струга на влезот во Охрид да се пренасочат по обиколниот пат „Распаќе„ и да се приклучат на улица „Булевар Туристичка„.

**Член 10**

На останатите улици и деловите од улиците сообраќајот ќе се одвива по постојниот режим.

**Член11**

Надлежните служби на Локалната самоуправа на општина Охрид да извршат усогласување на хоризонталната и вертикалната сигнализација согласно предложениот режим и интензитет на сообраќај.

**Член 12**

Со оваа Одлука престанува да важи Одлуката за организирање на режимот на сообраќајот во ЦГП број 07-690/3 од 16.06.2005 година.

**Член 13**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во *Сл.гласник на општина Охрид*.

**Број 07- 2125/3**
**25.08.2005 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Владо Чингоски, с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (*Сл.весник на РМ* бр.5/02) и член 70 став 1 точка 3 од Статутот на општина Охрид (*Сл.гласник на општина Охрид* бр.6/03), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКЛУЧОКОТ ПО ПОВОД ИНФОРМАЦИЈАТА НА ОПШТИНСКИОТ СОВЕТ ЗА БЕЗБЕДНОСТ НА СООБРАЌАЈОТ**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Заклучокот по повод Информацијата на Општинскиот совет за безбедност на сообраќајот, што го донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 25.08.2005 година.

**Број 08-2125/4**
**25.08.2005 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник**
**Александар Петрески с.р**

Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 25.08.2005 година по информацијата на Општинскиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата Охрид го донесе следниот

**З А К Л У Ч О К**

Советот на општина Охрид дава согласност на Општинскиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата - Охрид, за отпочнување постапка за аплицирање, за обезбедување средства од Републиката за сообраќајно техничко уредување на приодите кон училиштата, соодветно поставување на хоризонтална и вертикална сигнализација, поставување на безбедносна ограда и изготвување на посебни технички мерки за забавување на сообраќајот согласно чл.376 од ЗБСП и за физичко регулирање на сообраќајот од страна на УСЕ единиците.

Се задолжува Одделението за комунални работи и сообраќај да врши координација и контрола над реализацијата на гореспоменатите активности.

**Број 07- 2125/4**
**25.08.2005 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Владо Чингоски, с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (*Сл.весник на РМ* бр.5/02) и член 70 став 1 точка 3 од Статутот на општина Охрид (*Сл.гласник на општина Охрид* бр.6/03), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

## З А К Л У Ч О К
### ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКЛУЧОКОТ ПО ПОВОД ИНФОРМАЦИЈАТА ЗА ПОСТАВУВАЊЕ СПОМЕНИК НА ПАТРОНОТ НА ОХРИД - СВ.КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Заклучокот по повод Информацијата за поставување на споменик на патронот на Охрид - Св.Климент Охридски, што го донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 25.08.2005 година.

**Број 08-2125/5**
**25.08.2005 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник**
**Александар Петрески с.р**

Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 25.08.2005 година по информацијата за поставување на споменик на патронот на Охрид - Св.Климент Охридски, го донесе следниот

## З А К Л У Ч О К

Се задолжува Секторот за урбанизам, заштита на животна средина и комунален развој согласно со законските прописи да отпочне постапка за реализација на донацијата за поставување споменик на патронот на Охрид - Св.Климент Охридски.

**Број 07- 2125/5**
**25.08.2005 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Владо Чингоски, с.р.**